# Инспирацијата / мотивите во творештвото за деца и млади

Проф. д-р Виолета Николовска



# Креативност

Вдахновение – дар / дах Божји

Занает што може да се учи

# Мотиви

Традиционална бајка од 17 и 18 век (Шарл Перо, браќата Грим, Ханс Кристијан Андерсен)

- во основа на бајката се народните приказни; со нив се заплашувале децата да бидат мирни (баба Рога)

Мотивите се од паганизмот: магии, волшепства, вештерки, ковчежиња, клучиња, и секако: принцови и принцези)

Симболизам

Педагогија – застарена и штетна

# Мотиви

Модерна авторска бајка

Авторската (книжевна, уметничка) бајка, според проф. Зорана Опачиќ од Учителскиот факултет во Белград е стилизирана чудесна приказна произлезена од фолклорната бајка, која со текот на времето се осамостојува и развива првенствено по принципите на авторскиот текст. Нејзиното преминување во пишуван облик (од усно творештво) не бил можен без видни трансформации и подредување кон други жанрови. Го подвлекувам она – трансформации и подредување кон други жанрови, значи тематското и жанровско ослободување на современата авторска бајка од магичното, но не и фантастичното, од иреалното и нејзиното доближување кон реалното.

Според Ана Петреска („Детето во македонскиот современ расказ – најнова литературна продукција, ИНАКУ, Зборник 1) е и карактеристика на македонските раскази за деца од крајот на 20 и почетокот на 21 век: „… третираат современи мотиви и теми и се одликуваат со луцидност, духовитост, читливост и привлечност. … Раскажувачкиот концепт и дискурс главно е дескриптивен, импресионистички и реалистичен, а многу помалку и ретко футуристички, имагинарен, надреален и научно-фантастичен“.

# Односот бајка – педагогија

- Во написот „Дечја књижевност“, Саша Делиќ, повикувајќи се на Црнковиќ и Тежак вели: „Детската литература не е ниту слугинка ниту помошничка на педагогијата во која било нејзина насока, иако таа (детската литература) токму како книжевноста и уметноста и тоа како придонесува во воспитанието на децата“ (ИНАКУ, Зборник 1).



# МОТИВИ – од секојдневниот живот, децата се од соседството; секако има и фантазија, но во функција на естетското доживување

Пр. Малиот принц : детска SF приказна; фантазија + пустина + возрасен пилот со расипан авион + дете – Малиот принц

→

Резултатот е исклучително длабока приказна за Љубовта и поука за животот.

→

Чорапата во барабанот (метафора за модерниот живот и техниката која сите не става во еден барабан и не врти)

→

Вилушката, лажицата и ножот – разговор, плач (употреба и злоупотреба)

→

Исповед на едно цвеќе (на лето на балкон и во зима дома; однесувањето на семејството; сонце наспрема сијалица)

→

Старата блуза

# Инспирација

- Инспирацијата е насекаде околу нас. Да се ослободиме и да креираме приказни, поуки, досетки. Хуморот е многу битен елемент. Духовитоста е разиграност. Ја победува темнината, стравот и други негативни појави.

# Среќен крај

Што е бајка? Едно од значењата е приказна со среќен крај. Идилично нешто

Среќниот крај е посебна тема за дискусија. Тој е нешто што ни е потребно на сите. Остварена љубов. Победа на правдата. На доброто над злото.

Зошто ни е потребен срежниот крај во приказните? Затоа што мотивира. Дава надеж. Дава потстрек. Оснажнува.

# Креативно читање / Креативно пишување

Да ги читаме појавите околу нас. Да ги забележуваме. Пр. Исповедта на чорапата и собното цвеќе

Откако креативно ќе прочитаме, креативно ќе запишеме што сме прочитале.



# Благодарам на времето и вниманието.

- Поздрав!